Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
____________ 201__ година
Потпис,
____________


Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


Архивски бр. УП1-15-1142/2017

Дата: 15. 08. 2017

Општина Ѓорче Петров
Ул. Ѓорче Петров
1000 Скопје
Република Македонија

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

| Примено: 23. 08. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност. |
| 25 | 310/14 | – | – |

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 25-310/12 од 21.08.2017

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15-1142/2017 од 03.08.2017 год. поврзано со постапка за носење на планска документација УПС за Ново Село - Општина Ѓорче Петров, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

Република Македонија – Министерство за животна средина и просторно планирање – Скопје

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Милева Тагасовска
Проверил: Сашо Апостолов
Одобрил: Неби Реџепи

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија") бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16),, Општина Ѓорче Петров, на ден 28.07.2017 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистички план за село Ново Село, Општина Ѓорче Петров - Скопје** кој го донесува Советот на Општина Ѓорче Петров, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички план за село НОВО СЕЛО, Општина Ѓорче Петров – Скопје, се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Ѓорче Петров.

3. За планскиот документ Урбанистички план за село НОВО СЕЛО, Општина Ѓорче Петров - Скопје, за чија изработка е одговорна Општина Ѓорче Петров и го донесува Советот на Општина Ѓорче Петров, донесувањето на планскиот документ, ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економска состојба, влијанија врз квалитет на амбиенталниот воздух, влијание врз квалитет на површински и подземни води, влијание врз почва, влијание поврзано со управување со отпад, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна,влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

6. Против оваа Одлука јавноста има право на жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Бр. 25-2172/1
од 26.07.2017год.
Скопје.

Општина Ѓорче Петров
Градоначалник
Сокол Митровски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ

Република Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 25-2172/1
28.07 2017 год.
СКОПЈЕ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план за село Ново Село, Општина Ѓорче Петров |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ИН - ПУМА ДОО - Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Ѓорче Петров |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **Боца Атанасовска, диа**, планер потписник од ИН-ПУМА - Скопје со овластување бр.0.0031, |
| Назив на работното место | Потписници на УПС Ново Село |
| Контакт податоци за лицето | 389 02 246 1451<br>071 575 143 |

| |
|---|
| **Основни податоци за планскиот документ** |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко – плански документации и Архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на Р.М. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р.Македонија со тех. бр. У05614 од март 2014год.согласно кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од МЖСПП со бр. 15-572/6 од 01.04.2014год., како и од Градоначалникот одобрената Планска програма со тех.бр 26-66/11, од 29.12.2015год. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот** |
| ДА х – (нов плански документ)<br>НЕ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Во рамки на дел од планскиот опфат има претходна планска документација УДНМ **Ново Село** донесена со одлука на Совет со број 07- 960/7 од 15.11.2000година, која согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13 и 42/14), која е вон сила, и општ Акт за село Ново Село (Одлука бр.08 – 1936/5 од 14.07.2015год.) со големина од 70,57ха.<br>Причина за изработка на нов УПС Ново Село (П=126,63ха) е потребата од донесување на нов плански документ со нова граница на плански опфат , потреба од нови содржини и намени и согласно најновата законска регулатива од Законот за просторно и урбанистичко планирање. ("Службен весник на РМ" бр.51/05 , 137/07 , 91/09 , 124/10 , 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да , просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиште |

| |
|---|
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколу е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).** |
| Да , Член 3 , точка 13 , алинеја / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Урбанистички план за село |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |

| |
|---|
| Да,126,63ха |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Изработката на УПС Ново Село - Општина Ѓорче Петров, има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време претставува континуитет во развојот на делот од населбата усогласувајќи го планскиот документ со поставките и параметрите дадени во Условите за планирање на просторот како извадок од Просторниот план на Р. Македонија и одобрената Планска Програма за овој план.<br>Врз основа на Планската Програма, планот предвидува наменски употреби на земјиштето, односно класи на намени:<br>**А – домување**<br>- А1 – домување во станбени куќи;<br>**Б – комерцијални и деловни намени**<br>- Б2 – големи трговски единици;<br>- Б3 – големи трговски единици;<br>- Б4 – деловни простори;<br>**В – јавни институции**<br>- В1- образование и наука;<br>- В2 – здравство и социјална заштита;<br>- В3 – култура;<br>- В4 – државни институции;<br>- В5 – верски институции;<br>**Г – производство, дистрибуција и сервиси**<br>- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија;<br>- Г3 – сервиси;<br>- Г4 – стоваришта;<br>**Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори**<br>- Д1 – парковско зеленило;<br>- Д2 – заштитно зеленило; |

| |
|---|
| - Д3 – спорт и рекреација;<br>**Е – инфраструктура**<br>- Е1 – комунална инфраструктура;<br>- Е2 – комунална супраструктура; |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2015-2025 |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?** |
| По истекот на пропишаниот плански период. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Предметниот плански опфат е дефиниран со граници со одобрена Планска програма и Решение и услови за планирање на просторот издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање и припаѓа на КО Ѓорче Петров 1 (Ново Село).<br>Местоположбата на предметниот опфат може да се согледа од графичките прилози во состав на условите за планирање на просторот. (мапа во прилог)<br><br>Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 126,63ха. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| ДА Х<br>НЕ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| ДА Х<br>НЕ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина** |
|---|
| (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната |

| | |
|---|---|
| средина и здравјето на луѓето. | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на предметниот плански документ се предвидува доизградба на постојните станбени објекти (куќи) и верски објекти (В5) кои се затекната матрица, постојни стопански објекти (Г), планирање на нови содржини заради искористување на амбиенталните карактеристики и создавање на услови за одржлив развој на селото, доуредување на комуналната инфраструктура заради подобрување на условите за живот.<br>Новоизградените објекти во планскиот опфат ќе бидат потенцијални извори на емисии кои може да дадат дополнителен допринос во постојната состојба на медиумите од животната средина на предметното подрачје, затоа во стратегиската оцена на влијанието врз животната средина треба да се даде посебен осврт на можните влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението и да се предложат мерки за намалување или избегнување на истите.<br>Влијанијата кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој УПС Ново Село, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија, но и од аспект на идни бенефиции односно позитивни влијанија. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Зголемувањето на степенот на искористеност на земјиштето и изградба на сообраќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет на живеење односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници. Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината , кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br><br>Меѓутоа, веројатноста дека со реализацијата на овој УП нема негативни влијанија врз животната средина,како во фазата на градба,така и во фаза на експлоатација на планираните објекти, доколку се применат сите технички мерки за заштита.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисија на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата- директни и индиректни, емисии на бучава, отпад и влијание врз флората и фауната ), ќе бидат локални |

| | |
|---|---|
| | и со ограничен временски рок.<br><br>Влијанијата кои ќе се јават во фаза на експлоатација на објектите се проценуваат како незначајни со долгорочен карактер, имајќи го во предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуват на оваа локација. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето;** | Изградбата на планираните содржини на предметниот урбан зафат ќе има комулативно влијание врз животната средина,но не многу значајно а кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила и испарувањата, како и зголемувањето на количеството на создаден отпад, како комунален , така и на други видови на отпад.<br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | При изградба и експлоатација на предвидените содржини во рамките на планскиот опфат, постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина од евентуално предизвикани пожари и хаварии и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Опфатот на планскиот документ е во атарот на село Ново Село, со дозволено проширување спрема условите за планирање на просторот издадени од МЖСПП, при што се задржани постојните станбени, верски објекти и стопански објекти, но планирани се нови содржини од класата намени А, како А1-домување во станбени куќи, потоа од класата на намени Б(комерцијални и деловни намени) , В (јавни финкции),Г |

<table>
<tr><td></td><td>((производство , дистрибуција и сервиси), Д (зеленило и рекреација), кои капацитети би се користеле повремено од население пошироко во регионот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со постапната реализација на УПС НОВО СЕЛО, ќе се спречи миграцијата село-град, стихијната изградба на непладски објекти, ќе се зголеми степенот на искористеност на земјиштето, а со изградбата на сообраќајната инфраструктура и комуналните системи ќе се овозможи подобар квалитет на живеење односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за корисниците и пошироко во регионот. Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината , кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот, како и отварање на нови работни места.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Местоположбата на предметниот УПС Ново Село е во северозападниот дел од скопскиот регион, рељефно е дел рамничарски на надморска висина од 263-270м и дел на благо-ридест терен погоден за градба, на надморска висина од 266-36м. Предметниот локалитет на дел е изграден со објекти во постојната матрица, а на поголем дел е неизградено градежно земјиште на кое се планираат нови содржини и намени со што пак ќе се задоволат потребите на околното население и сопствениците и ќе се зголеми вредноста на областа.<br>Активностите на локалното население како и сообраќајот допринесуваат за промена на квалитетот на одредени медиуми од животната средина.<br>Новопредвидените активности во планскиот опфат ќе бидат извори на емисии во воздух, вода, бучава, отпад, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласност со националното законодавство.<br>.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство;</td><td>На предметниот локалитет постои верски објект кој имат традиционални вредности. Со реализација на планираните содржини ќе се постигне подобра пејсажна и функционална компонираност со околината и максимално искористување на амбиенталните вредности.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности;</td><td>Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето;</td><td>Планираните намени и содржини во планскиот опфат соодветствуваат на потребите на локалното население но и пошироко, на земјиште според насоките</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | од Условите за планирање (повисока од трета класа). |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Со изградба на нови содржини секако ќе има влијанија во текот на градбата, но се очекува зачувување и подобрување на амбиенталните вредности. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со УПС Ново Село, на кое се предвидуваат содржини со чија реализација ќе се придонесе за одржлив развој на селото, а истовремено со подобрувањето на комплетната инфраструктура, ќе се подобрат условите за живот и престој, а со планската документација ќе се планираат и мерки за зачувување и подобрување на амбиенталните карактеристики. (пр. пошумување, уредување на јавни површини, развој на селски туризам и др.) Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат условите за градба на објектите со сите технички мерки за заштита.

**Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резеденцијални проекти):**

УПС Ново Село е со П=126,63ха и има дисперзирана урбана структура.. Овој плански опфат е во непосредна близина на градот Скопје, со добра сообраќајна поврзаност преку локален пат кој води од Ново Село, преку улицата Лука Геров кон градот Скопје.
Не се очекува планираните објекти да имаат негативно влијание врз околните објекти доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација и Извештајот за стратегиска оцена врз животната средина.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови).**

Донесувањето на УПС Ново Село, ќе има влијание но не значително а кои се огледаат во следните области од животната средина :
-воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот,пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметните локалитети и начинот на загревање. Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот;

| |
|---|
| -бучава- и во фаза на реализација на планот, како и во фаза на експлоатација се очекува зголемено ниво на бучава на предметниот локалитет.Имајќи во предвид дека урбаниот зафат граничи со населбата Даме Груев, с. Волково,с. Кисела Јабука и железничка пруга, не се очекува значајно зголемено негативно влијание врз животната средина;<br><br>-отпад- во фаза на реализација и експлоатација на содржините предвидени во рамките на урбаниот зафат не се очекува значително зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина ( почва,подземни води, воздух итн.);<br><br>-флора и фауна- негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна,ендемични и загрозени видови,како и карактеристични живеалишта.<br><br>Од аспект на одржливост, донесувањето на УПС Ново Село, позитивно ќе влијае врз:<br>√ привлекување на нова работна сила и вработување,<br>√ обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,<br>√ зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст,како и<br>√ зголемување на нивото на животен стандард во општината, |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br><br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br><br>-загадување на површинските и подземните води ( доколку не се придржуваат инвеститорите до предвидените проекти водоводна мрежа,фекална и атмосферска канализација);<br><br>-зголемување на нивото на бучава ( предизвикано од градежните активности,како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);<br><br>-зголемување на количината на продуциран отпад ( како во фаза на реализација, така и во фаза на експлоатација на објектите предвидени во планскиот опфат); |

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерхијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот планскио документ и другите планските документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Предметниот УПС Ново Село со големина од 126,63ха, се базира директно на параметрите и одредбите на:

- Просторен план на Р. Македонија;
- Планска Програма за УПС Ново Село;
- Локален акционен план за животна средина ( ЛЕАП ) на Општина Ѓорче Петров 2005година.
- Стратегија за локален економски развој и акционен план (ЛЕР) на Општина Ѓорче Петров 2007-2009 год. и 2012-2018.год.;

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Во фаза на реализација на планот, пред добивање на одобрение за градба, ќе се оцени потребата од изработка на Елаборат во кој треба да се прецизираат сите мерки за заштита на животната средина, а спрема конкретни критериуми во зависност од капацитетот на градбата и друга законска регулатива.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Сокол Митровски |

| | |
|---|---|
| Датум: 28.07.2017 година<br><br>Место: Скопје | М.П<br>РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>СКОПЈЕ<br>Општина Ѓорче Петров |

## Стратешки цели /определби/ на општина Ѓорче Петров

----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Визија на општина Ѓорче Петров** е да биде уредена и еколошки чиста, безбедна, финансиски стабилна општина со економски развиени рурални средини, отворена за меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка. Привлечна за бизниси и инвестиции, отворена за идеи и мотивирање на граѓаните за просперитет и квалитетен стандард на живеење на економски, културен, социјален, спортски и едукативен план.
Општината Ѓорче Петров да овозможува добри општински услуги и инфраструктура за сите кои живеат и работат на нејзина територија како и во рамките на Град Скопје.

**Стратешки цели /определби/ на Стратегијата за локален развој на општината Ѓорче петров** во кои спаѓаат сите стратешки приоритети се следните:

1. Подобрување на цврстата инфраструктура во Општината
2. Унапредување на процесот на креирање на локални политики и активности за подобрување на меката инфраструктура
3. Унапредување на политиките за соработка со институциите и другите актери на национално и меѓународно ниво значајни за локалниот економски развој во Општината

# Образложение

На Одлука за спроведување на стратегиска оцена за влијание врз животна средина за изработка на **УПС НОВО СЕЛО** –Општина Ѓорче Петров

Согласно Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), **задолжително** се спроведува постапка за стратегиска оцена за влијание врз животна средина во областа на урбанистичкото планирање.
Во глава X од горецитираниот Закон за животна средина, во чл. 65 е пропишана законската регулатива по која треба да се постапува за стратегиска оцена.

За конкретниот Предлог за изработка на **УПС НОВО СЕЛО, општина Ѓорче Петров** со површина П=126,63ха имаме добиено Решение за услови за планирање на просторот од МЖСПП со бр. 15-572/6 од 01.04.2014год., на кои се предвидени содржини и намени согласно законската регулатива, со кои ќе се обезбеди рамномерен и одржлив просторен развој, рационално и одржливо користење на просторот, заштита на недвижното културно наследство и заштита и унапредување на животната средина и природата.

**Напомена:** Доколку МЖСПП во рок од 15 дена донесе решение дека е потребно да се спроведе стратегиска оцена за влијание врз животна средина, ние сме должни да ја спроведеме оваа постапка.

Одделение за урбанизам и просторно планирање

Со почит:
Е. Ќулумоска, д.и.а. ________________
**Рак. на одд. за просторно и урб. планирање**

С. Поповска, д.и.а. ________________

**Рак. на сектор за урбанизам,комун.дејности заштита на животна средина и локален економски развој**

Целе Ристески, д.г.и

________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ 1